# Ќе се бришат каматите на долговите од комуналните сметки, кон извршителите ќе се плаќаат 20 отсто од трошоците



Фото: Маја Јаневска-Илиева

Собраниската комисија за финансирање и буџет едногласно даде поддршка за предлог-законот за отпис на камати од долгови на граѓаните кон претпријатија што извршуваат јавни и комунални услуги. Со амандмани се предложи намалување на трошоците кон нотарите, адвокатите и извршителите на 20 проценти за овие предмети. Се допрецизира дека законот ќе важи и за сметките за радиодифузија, но и за комуналните дејности, телефонија, мобилни и кабелски оператори, одржување заеднички простории, наводнување и одводнување земјоделско земјиште. Измените на овој предлог-закон, поднесен од пратениците и од опозицијата и од владејачките партии, произлегле од јавните расправи. Исто така, се предвидува сите јавни претпријатија или приватни компании што вршат вакви услуги да донесат генерални одлуки дали го прифаќаат отписот на камати за долгови што граѓаните ги имаат кон нив. Потоа граѓаните ќе можат во период од 12 месеци да ги платат долгот и трошоците. Со предлог-законот се предвидува отпис на камати за долгови во периодот од 26 мај 2006 до јули 2011 година.

## За судење во неразумен рок, Македонија изгуби случај на Македонска банка во Стразбур

Цели две години Јован Ќатоски од Струга не знаел дека во Основниот суд Скопје 2 - Скопје против него се води спор и дека е тужен од Македонска банка АД во ликвидација за неплатени сметки. Иако тужбата била поднесена на 16.9.2010 година, судот го известил Ќатоски дури на 26.9.2012 година, кога практично и добил можност за приговор по тужбата.

Поради ваквата задоцнета достава, адвокатската канцеларија Ќатоски ја тужеле Македонија пред Европскиот суд за човекови права и Судот донел одлука во нивна корист. Државата сега треба да му плати отштета на Јован Ќатоски од 950 евра.

- Европскиот суд за човекови права утврдил дека со ваквото постапување на македонскиот суд е повредено правото на судење на разумен рок по чл. 6, ст. 1 од Европската конвенција за човекови права. По предлог на ЕСЧП се постигна спогодба со тужената Република Македонија за надомест на штета во износ од 950 евра - информираат од адвокатската канцеларија „Глигорие Ј. Ќатоски“.

Адвокатот Ќатоски вели дека јавноста треба да дознае за овој случај зашто самата ликвидација на банката беше спроведена под сомнителни околности, а во тој период беа поднесени повеќе од 10.000 тужби против граѓаните на Р Македонија.

- Оваа одлука е само мала сатисфакција за сите оние што со неосновано големи камати мораа да ги вратат парите што ги должеа спрема тогашна Македонска банка - вели Ќатоски.

Ова не е единствениот изгубен случај во Стразбур овој месец за судење во неразумен рок на македонските судови.

Акционерите на некогашната АД „Исхрана“ од Радовиш, по 14 години, дочекаа правда. Државата поради неразумен рок на судење на 19 некогашни акционери треба да им исплати вкупно 31.000 евра.

Акционерите во 2004-та поднеле пријава против тогашниот директор со обвинување за лажен стечај, но нивната постапка 10 години талкала по судските ходници.

## Адвокатите да бидат вклучени во измените на законите за извршување и за нотаријат

Адвокатската комора бара да биде вклучена во процесот на донесување на измените на Законот за нотаријат и на Законот за извршување, уште во фаза на подготовка на измените, односно пред да бидат доставени предложените измени во собраниска процедура. Од Комората велат дека за измените дознале од медиумите, но бидејќи во двата закона има одредби со кои се одредуваат правата и должностите на адвокатите, тие преку писмо бараат Министерството за правда активно да ги вклучи.

- Зачудувачки е што во изминатиот период до Адвокатската комора на РМ не е доставен ниту еден акт за предлог-измените на Законот за извршување и на Законот за нотаријат, заради добивање мислење од Адвокатската комора. Исто така напоменуваме дека Адвокатската комора не е поканета на ниту една средба, состанок или дебата на која адвокатите ќе бидат во можност да дадат свое мислење и да укажат на позитивните и негативните содржини на измените, а наедно би го дале и своето мислење за уставна и законска валидност на измените. Поради ваквата состојба, а со повторно продолжување на практиката да се донесуваат закони и измени на закони, без притоа да биде повикана Адвокатската комора на РМ да даде свое мислење и сугестии, се предизвикува револт и сомнеж кај сите адвокати во Република Македонија за целите на носење на измените, како и нивната уставност и законитост - стои во писмото што е потпишано од претседателот на Адвокатската комора, Љубомир Михајловски.

## Извршителите и нотарите ќе мора да го пријават целиот имот во антикорупциска комисија

Сите извршители и нотари ќе мора да пополнат анкетен лист за својата имотна состојба и да го достават до Државната комисија за спречување на корупцијата, но и до Управата за јавни приходи. Оваа обврска ќе треба да ја исполнат во рок од 30 дена откако во Собранието ќе бидат изгласани измените на Законот за спречување корупција и објавени во „Службен весник“.

Во предлог-законот исто така стои дека извршителите и нотарите треба да пополнат изјава заверена од нотар со која се откажуваат од заштитата на банкарската тајна во однос на сите сметки што ги имаат во домашните и странските банки. Законот што го предложи министерката за правда Рената Дескоска е ставен на јавна расправа.

Од Министерството за правда велат дека очекуваат процесот да заврши наскоро. Новите обврски за извршителите не се поради некакви сомнежи, туку се само превенција од корупција.

- Станува збор за конзистентност на политиката на јавни овластувања, па во таа насока одат и измените и дополнувањата на Законот за спречување корупција, и нотарите и извршителите да пополнуваат лист за имотната состојба и да се откажат од заштитата на банкарската тајна на сите сметки. Во моментот не постојат сомневања за злоупотреби, туку за превенција на корупцијата, нешто што е всушност и една од целите на Законот за спречување корупција. Во моментот законот е предмет на јавна дебата, се примаат сугестии од сите засегнати страни, а работната група во Министерството за правда работи на заокружување на концептот. Очекуваме процесот да заврши наскоро, со што би се овозможило формирање нова ДКСК - велат од Министерството за правда.

Но пополнувањето на анкетните листови за извршителите не е новина. Тројца извршители избрани во 2016 година веќе имаат доставено анкетни листови, затоа што таа обврска е ставена во Законот за извршување што беше донесен во 2016-та, а влезе во примена од 1.1.2017 година. Сега обврската за анкетните листови ќе важи не само за новоименуваните туку и за сите извршители во државата.

Во анкетниот лист што треба да го пополнат извршителите треба да се наведе детален попис на недвижниот имот, подвижните предмети од поголема вредност, хартиите од вредност и побарувањата и долговите, како и друг имот што е во нивна сопственост. Задолжително треба да се запише и основата на стекнувањето на пријавениот имот.

Освен имотната состојба на извршителот или нотарот, во анкетниот лист треба да се наведе и имотот на брачниот другар, децата или, пак, родителите, доколку тој живее во заедница.

Од Министерството за правда велат дека основната цел на измените на Законот за спречување корупција е зајакнување на ефикасноста и независноста на Државната комисија за спречување корупција (ДКСК) и постигнување поефикасна превенција и борба против корупцијата.